**Неофицијален пречистен текст**[1]

Врз основа на членовите 158-ѕ точка 1) и 134-г став (4) а во врска со член 134-в став (2) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

# ПРАВИЛНИК
# за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето

## Општи одредби
### Член 1

Со овој Правилник се пропишува потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) согласно Законот за супервизија на осигурување.

## Потребна документација која се приложува кон барањето за добивање лиценца за застапник во осигурувањето

### Член 2

(1) За издавање лиценца за застапник во осигурувањето до Агенцијата се доставува барање за добивање лиценца за застапник во осигурувањето.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се доставува исклучиво на пропишаниот образец: "Барање за добивање лиценца за застапник во осигурување (Образец Б-ЛЗ)" кој е даден во Прилог 1 од овој правилник и е негов составен дел.

(3) Кон барањето од став (1) на овој член, лицето ја доставува следната документација:

1. Документ за лична идентификација – на увид;
2. Диплома или Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Македонија или документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија;
3. Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка;
4. Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите;
5. Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сѐ додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи,

[1] Пречистениот текст на Правилникот е изготвен врз основа на текстот на Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето („Службен весник на Република Македонија" бр. 152/2017), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2019) и Правилникот за изменување на Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето („Службен весник на Република Македонија" бр. 280/2020). Пречистениот текст нема правна сила. За правни цели, во постапка на издавање дозволи вединствено валидни се текстовите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници.

компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;
6. Договор за застапување во осигурување склучен со друштво за осигурување односно друштво за застапување во осигурување или договор за вработување склучен со друштво за застапување во осигурување односно банка која има согласност за вршење работи на застапување во осигурување од страна на Агенцијата;
7. Извод од матична книга на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме, доколку личното име и презиме на документите од точка 1, 2, 3, 4, 5 или 6 од овој став не е идентично со оние наведени во барањето од став (1) на овој член и
8. Доказ за платен надоместок за издавање лиценца за застапник во осигурување согласно Тарифникот на Агенцијата."

(4) Покрај документацијата од ставот (3) на овој член, Агенцијата од својата службена евиденција обезбедува доказ дека лицето има положено стручен испит за застапник во осигурување (Уверение за положен стручен испит за застаник во осигурување).

(5) Потврдата од ставот (3) точка 5) од овој член, Агенцијата по службена должност ќе ја прибави од надлежен суд (доколку истата не е поднесена од барателот).

(6) Условот лицето да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо се докажува со завршено школување во Република Македонија, а доколку лицето школувањето го завршило во странство потребно е да приложи потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.

(7) Договорот за застапување во осигурување односно договорот за вработување од став (3) точка 3 од овој член задолжително треба да ги содржи класите на осигурување во рамки на кои застапникот е овластен да врши работи на застапување во осигурување за друштвото за осигурување односно друштвото за застапување во осигурување или банката, како и одредба според која договорот ќе влезе во сила по добивање лиценца за застапник во осигурување од страна на Агенцијата.

**Промени во договорот за застапување односно догвorото за вработување**

**Член 3**

(1) Доколку по датумот на издавање на лиценца за застапник во осигурување од страна на Агенцијата, настанат промени во договорот за застапување во осигурување или договорот за вработување врз основа на кој првично е издадена лиценцата за застапник во осигурување, а кои промени се однесуваат на проширување на предметот на работа на застапникот (покрај постојниот, склучување и на нов договор за застапување во осигурување или договор за вработување со друго друштво за осигурување односно друштво за застапување во осигурување односно банка или склучување на анекс на договор за застапување во осигурување односно договор за вработување со друштвото за осигурување односно друштвото за застапување во осигурување со кое веќе е склучен постојниот договор), застапникот во осигурување до Агенцијата доставува барање за промена на лиценцата за застапник во осигурување, на соодветен пропишан Образец "Барање за промена на лиценца за застапник во осигурување (Образец Б-ЛЗ/промена)" кој е даден во Прилог 2 од овој правилник и е негов оставен дел.

(2) Кон барањето од став (1) од овој член , лицето ја доставува документацијата наведена во член 2 став (3) точки 1,3,4,5,6 и 7 од овој правилник а истовремено до Агенцијата го приложува и Решението со кое Агенцијата првично издала лиценца за застапник во осигурување на лицето – во оригинал (доколку оригиналната лиценца лицето не е во можност да ја достави (изгубена и сл), лицето до Агенцијата доставува нотарски заверена Изјава дадена, под целосна кривична и материјална одговорност, дека оригинално издадената лиценца не може да се обезбеди).

(3) Доколку по датумот на издавање на лиценцата за застапник во осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување настанат промени во договорот за застапување во осигурување или договорот за вработување врз основа на кој е издадена лиценцата за застапник во осигурување, а кои промени се однесуваат на намалување на предметот на работа на застапникот (раскинување на еден од договорите за застапување во осигурување или договорот за вработување врз основа на кој првично е издадена лиценцата за застапник во осигурување или склучување на анекс на договор за застапување со кој на застапникот му се намалуваат овластувањата во делот на класите на осигурување за кои бил овластен да врши работи на застапување во осигурување, а притоа сеуште постојат услови за постоење на лиценцата), по добиено известување од страна на застапникот во осигурување или друштвото за осигурување, друштвото за застапување во осигурување односно банката, Агенцијата по службена должност ќе издаде нова лиценца за застапник во осигурување на истото лице а Решението со кое првично се издава лиценцата за застапник во осигурување ќе го стави вон сила. При издавање на новата лиценца, лицето на барање на Агенцијата, до Агенцијата го приложува и Решението со кое Агенцијата првично издала лиценца за застапник во осигурување на лицето – во оригинал (доколку оригиналната лиценца лицето не е во можност да ја достави (изгубена и сл), лицето до Агенцијата доставува нотарски Изјава дадена под целосна кривична и материјална одговорност, дека оригинално издадената лиценца не може да ја обезбеди).

(4) При издавање на новата лиценца од страна на Агенцијата по службена должност согласно ставот (3) од овој член, не се бараат дополнителни докази од лицето кое има лиценца за застапник во осигурување.

**Одлучување по барањето за добивање лиценца за застапник во осигурувањето**

**Член 4**

(1) При одлучувањето по барањето од став (1) и член 3 став (1) од овој Правилник, Агенцијата оценува дали лицето ги исполнува условите предидени во Законот за супервизија на осигурување.

(2) Врз основа на оценката од став (1) на овој член, Агенцијата донесува решение за издавање лиценца за застапник во осигурување во роковите наведени во Законот за супервизија на осигурување.

**Форма на доставување на документација**

**Член 5**

(1) Документацијата која се доставува кон барањето за издавање лиценца од член 2 од овој правилник треба да да биде во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар), потпишана од овластено лице или од соодветен надлежен орган, да биде чиста, без дополнителни исправки и на македонски јазик. Доколку документот што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот се доставува и превод на македонски јазик, преведен од овластен преведувач и заверен кај нотар.

(2) Изјавата која е дел од документацијата која се доставува кон барањето за издавање лиценца од член 2 став (3) точка 2 од овој правилник треба да биде заверена кај овластено лице (нотар) и истата не смее да биде постара од шест месеци пред денот на поднесување на барањето за издавање лиценца.

(3) Агенцијата разгледува и одлучува по барањата за издавање лиценци од член 2 од овој правилник

со комплетна документација. Под комплетна документација се подразбира документацијата пропишана со член 2 од овој правилник.

**Завршни одредби**
**Член 6**

Со денот на влагување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010 и 167/2011).

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 4**

**("Службен весник на Република Македонија бр. 36/2019)**

Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2 кои се дадени во прилог на овој правилник и се негов составен дел.

**Член 5**

**("Службен весник на Република Македонија бр. 36/2019)**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

**Член 3**
**("Службен весник на Република Македонија бр. 280/2020)**

(1) Започнатите постапки за добивање на лиценца до денот на започнување на примената на овој правилник ќе завршат согласно **Правилникот за потребната документација за** добивање лиценца за застапник во осигурувањето ("Службен весник на Република Македонија" бр.152/2017 и 36 /2019**).**

**(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување врши увид во документот за лична идентификација при постапките за добивање на лиценца за застапник во осигурувањето.**

**Член 4**
**("Службен весник на Република Македонија бр. 280/2020)**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ**
**Крсте Шајноски**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# БАРАЊЕ[2]
# ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ЗАСТАПНИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме на барателот** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која барателот се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |
| **6.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |

Барам од Агенцијата за супервизија на осигурување да ми издаде лиценца за застапник во осигурување. Кон барањето ја приложувам документацијата согласно членот 2 став (3) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување освен документација која согласно со членот 2 став (4) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување се прибавува од службената евиденција на Агенцијата и тоа (се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Македонија или документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија |
| 2. | Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка |
| 3. | Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите |
| 4. | Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сѐ додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;[3] |
| 5. | Договор за застапување во осигурување склучен со друштво за осигурување односно друштво за застапување во осигурување или договор за вработување склучен со друштво за застапување во осигурување односно банка која има согласност за вршење работи на застапувбање во осигурување од страна на Агенцијата |
| 6. | Доказ за платен надоместок за издавање лиценца за застапник во осигурување согласно Тарифникот на Агенцијата. |
| 7. | Потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици * |
| 8. | Извод од матична канига на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме** |

**Документите означени со (*) ги поднесува лице кое школувањето го завршило во странство**
**Документите означени со (**) ги поднесува лице кај кое личното име и презиме на документите приложени кон барањето не е идентично со оние наведени во барањето**

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

[2] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на Барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[3] Агенцијата по службена должност од надлежен суд ќе ја прибави потврдата согласно членот 2, став (3) точка 5 од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување (доколку истата не е поднесена од барателот)

Со поднесување на ова барање Изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам/е кон барањето за издавање лиценца за застапник во осигурување, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во барањето за добивање лиценца за застапник во осигурување да се користат за целите на издавање на лиценца за застапник во осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување. Со поднесување на ова барање се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат во постапка на остварување на правото за прибавување на потребни докази и податоци од други надлежни јавни органи по службена должност .

| **Датум и место на поднесување** | **Потпис на подностителот на барањето** |
| --- | --- |
| **_____.______20____ година,_____________** | **___________________________________** |

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# БАРАЊЕ[1]
# ЗА ПРОМЕНА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ЗАСТАПНИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме на барателот** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **РБС на застапникот (од Регистарот на Агенцијата)** | |
| **6.** | **Број и датум на постојната лиценца за застапник** | |
| **7.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која барателот се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |
| **8.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |

Барам од Агенцијата за супервизија на осигурување да ми издаде нова лиценца за застапник во осигурување врз основа на склучениот нов/анекс договор за застапување во осигурување со _____________________________________________(се наведува називот на друштото за осигурување, друштвото за застапување во осигурување или банката).

Кон барањето ја приложувам документацијата согласно членот 2 став (3) а во врска со членот 3 став (2) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување освен документација која согласно со членот 2 став (4) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување се прибавува од службената евиденција на Агенцијата и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка |
| 2. | Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите |
| 3. | Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сѐ додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;[2] |
| 4. | Договор за застапување во осигурување или Анекс кон Договор за застапување во осигурување склучен со друштво за осигурување односно друштво за застапување во осигурување или договор за вработување склучен со друштво за застапување во осигурување односно банка која има согласност за вршење работи на застапувбање во осигурување од страна на Агенцијата |
| 5. | Потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици * |
| 6. | Извод од матична книга на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме** |

**Документите означени со (*) ги поднесува лице кое школувањето го завршило во странство**
**Документите означени со (**) ги поднесува лице кај кое личното име и презиме на документите приложени кон барањето не е идентично со оние наведени во барањето**

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на Барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Агенцијата по службена должност од надлежен суд ќе ја прибави потврдата согласно членот 2, став (3) точка 5 од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување (доколку истата не е поднесена од барателот)

Со поднесување на ова барање Изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам/е кон барањето за издавање лиценца за застапник во осигурување, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во барањето за добивање лиценца за застапник во осигурување да се користат за целите на издавање на лиценца за застапник во осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување. Со поднесување на ова барање се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат во постапка на остварување на правото за прибавување на потребни докази и податоци од други надлежни јавни органи по службена должност .

**Датум и место на поднесување**

**_____.______20____ година,_____________**

**Потпис на подносителот на барањето**

**____________________________________**